Град Скопје

# Б - ДОЗВОЛА
## за усогласување со оперативен план

ДПГПУ БЕРОВИЌ БЕТОН
ДОО Скопје

Пат за с. Батинци бб
1000 Скопје

**Број на дозвола: 08-1645/13**

**Содржина**

| | |
|---|---|
| **Вовед** | 3 |
| **Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола** | 4 |
| **Комуникација** | 7 |
| **Доверливост** | 7 |
| **Промени водозволата** | 7 |
| Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата | 7 |
| Преглед на барани и доставени документи | 8 |
| **Нацрт Дозвола за усогласување со оперативен план** | 10 |
| **1.Услови** | 11 |
| 1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата | 11 |
| **2. Работа на инсталацијата** | 15 |
| 2.1 Техники на управување и контрола | 15 |
| 2.2 Суровини (вклучувајки и вода) | 16 |
| 2.3 Ракување и складирање на отпад | 17 |
| 2.4 Преработка и одлагање на отпад | 19 |
| 2.5 Спречување и контрола на хаварии | 20 |
| 2.6 Мониторинг | 21 |
| 2.7 Престанок со работа | 22 |
| 2.8 Инсталации со повеќе оператори | 23 |
| **3. Документација** | 24 |
| **4. Редовни извештаи** | 26 |
| **5. Известувања** | 27 |
| **6. Емисии** | 28 |
| 6.1 Емисии во атмосфера | 28 |
| 6.2 Емисии во почва | 29 |
| 6.3 Емисии во вода ( различни од емисии во канализација ) | 29 |
| 6.4 Емисии во канализација | 30 |
| 6.5 Емисии на топлина | 31 |
| 6.6 Емисии од бучава | 31 |
| 6.7 Емисии од вибрации | 31 |
| **7. Пренос од пречистителна станица за отпадни води** | 33 |
| **8. Оперативен план** | 34 |
| **9. Договор за промени во пишана форма** | 35 |
| **10. Додаток1** | 36 |
| 10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 ( известувања ), согласно условот 5.1.2 | 36 |
| **11. Додаток2** | 37 |
| 11.1 Извештаи за податоците од мониторинг | 37 |
| **12. Додаток3** | 38 |
| 12.1 Пенали како мерка за исполнување на обврските од Дозвола | 38 |
| 12.2 Определување пенали | 38 |
| **12.3 Присилна наплата** | 38 |

# Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата.

Дозволата е издадена согласно Законот за животна средина ( Службен весника на РМ 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12 и 93/13) за работа на Инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови, до одобреното ниво во Дозволата.

# Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Бетонска база Беровиќ Бетон лоцирана е на локалниот пат Скопје-село Батинци бб, покрај реката Маркова Река. Површина на локацијата изнесува околу 30.000м$^3$.Во непосредна близина на инсталацијата се наоѓаат:

- На север-северозапад: локалниот пат Скопје-село Батинци, преку кој се наоѓа фирмата" Златна Рака".Инсталацијата се граничи со бензинска пумпа и фирмата "Фероспектар".
- На запад-југозапад фирмата "Зинес",
- Во пределот на југозапад, југ, југоисток и исток се протега долот на реката Маркова река, преку кој се наоѓаат индивидуални станбени куќи. Проектираниот капацитет на постројката за производство на бетон изнесува 40m$^3$/h,односно 320 m$^3$ на ден. Дејност на бетонската база се реализира во следните работни целини:
  - Сепарација
  - Бетонерка
  - Автомеханичарски сервис
  - Магацин за машински делови
  - Канцелариски простории

За остварување на производните активности се користи следна опрема: Сепаратор со 4 фракции и капацитет од 25 m$^3$/h; Бункер за бетонера со вкупен капацитет од 60 m$^3$ за различни гранулации на агргат. Бетонерка со производен капацитет од 40 m$^3$/h готов бетон. Бетонерката има два силоса за цемент со капацитет од по 70 тони секој. Снабдувањето со вода за потребите на инсталацијата се врши со помош на 3 бунарски пумпи. Водата се користи за : Технолошки потреби, Санитарни потреби, За потребите на против пожарна заштита. Снабдувањето со електрична енергија е од градската електрична мрежа на која е приклучена сопствена столбна трафостаница, сместена на локацијата на инсталацијата. Грижата за нејзината исправност е во надлежност на ЕВН.
Основни суровини за производство на бетон се : агрегат, цемент, додатоци и вода. Во инсталацијата БЕРОВИЌ БЕТОН не се користат додатоци за бетон. Нив, по потреба, ги набавувааат корисниците на услуги и истите се додаваат во камионот мешалка, непосредно пред аплицирањето на бетонот.
Агрегатот учествува со 70-80% во вкупната маса на бетонот и од неговите карактеристики зависат и својствата на бетонските смеси и својства на оцврснатиот бетон. Агрегатот најчесто претставува смеша на природен ситен песок и крупен − шљунак. Може да се употреби и мешавина на сепариран шљунак, односно песок и дробен агрегат. Во зависност од гранулацијата, насипната густина на агрегатот се движи од 1500 до 1700 kg/m$^3$ (сув) и од 1700 до 2100 (влажен).
Цемент е хидраулично минерално врзивно средство кое се добива со мелење на Портланд цементен клинкер, кој пак се добива со печење на варовник и глина на температура од 1350-1450°C. Насипната густина на растреситиот цемент е од 1200 до 1400 kg/m$^3$
Дизел гориво, се користи за работа на механизацијата на локацијата и надвор од неа (допрема на агрегат, испорака на готов бетон до корисниците). На локацијата на Инсталацијата не се складира гориво. Истото се точи од бензиската пумпа кој е во непосредна близина на бетонската база. Исто така, снабдувањето со потребните нафтени деривати (разните видови масла − моторно, хидраулично, масло за кочници, антифриз и т.н.), се врши по потреба, од истата бензинска пумпа.
Во текот на редовното работење на Инсталацијата се создава следниот вид
на отпад:

- Отпаден мил од таложниците настанат при третман на отпадната технолошка вода,
- комунален отпад (хартија, отпадоци и амбалажа од храна и пијалоци);
- Отпадни моторни масла од градежната механизација.

Отпадните води од миењето на агрегатот, како и атмосферските отпадни води, пред да се испуштат во реципиентот, се третираат во таложници, посебно изградени за таа намена.

Таложниците, со помош на утоварувач, редовно се чистат од талогот, кој се собира и се одлага на посебно место на локацијата на Инсталацијата. Овој талог, во комбинација со покрупните фракции од дробениот камен и шљунакот, (кои не се користат за изработка на бетон), се употребува за тампонирање. Комуналниот отпад се собира во пластични канти за комунален отпад и неговото изнесување и одлагање на градската депонија го врши ЈП Комунална Хигиена. Отпадните моторни масла се собираат во метално буре и потоа се користат за хидрауликата на кипер камионите. Во инсталацијата БЕРОВИЌ БЕТОН нема емисии во воздухот од точкасти извори. Исто така, нема котли со согорувачки процеси. Греењето во работните простории е со електрична енергија. Во Инсталацијата има појава на фугитивни емисии на цврсти честички (прашина). Главниот извор на прашина се јавува во процесот на одлагање и внатрешен транспорт на суровината (песок и дробен камен), при манипулација и изведување активности на складиштето со тешка механизација,како и појава на прашина под влијание на ветерот. Емисионото количество на цврсти честички (прашина) на годишно ниво, како резултат на фугитивните емисии создадени од гореспоменатите извори во Инсталацијата, добиено е со експертска пресматка и изнесува 0,491 t/god. Пресметките се направени од страна на овластената институција “ТЕХНОЛАБ” ДОО, Скопје. Пресметките се направени со употреба на емисиони фактори кои се користат во светски признатите методологии за пресметка на фугитивни емисии од ваков тип на извори. Ублажувањето на појава на прашина од останатите активности е решено со инсталиран систем на прскалки со вода со која се мие агрегатот во сите фази на сепарацијата. После миењето, отпадната вода се одведува со посебен одводен систем на цевки, исто така монтирани на сепараторот. Понатаму, оваа отпадна вода, преку технолошката канализација се одведува на третман, пред да биде испуштена во површинскиот реципиент. Во инсталацијата БЕРОВИЌ БЕТОН се генерираат :

- Атмосферски отпадни води,
- Фекални отпадни води,
- Отпадни води од технолошкиот процес.

Во бетонската база има изведена атмосферска канализација со која се опфатени атмосферските води од објектите, опремата и бетонираниот простор околу нив. Овие води, пред да се испуштат во површинскиот реципиент, се носат во таложници за отпадна вода кои се наоѓаат на локацијата. Отпадните води од санитарните чворови се собираат во септичка јама која редовно се празни. Технолошките отпадни води преку изградениот локален канализационен систем, заедно со атмосферските води се собираат и одведуваат во таложниците за отпадна вода, а по третманот се испуштаат во површинскиот реципиент, реката Маркова Река, која протечува во непосредна близина на инсталацијата.
Во инсталацијата БЕРОВИЌ БЕТОН, емисија на бучава се јавува како резултат на работењето на стационарната опрема (сепаратор, бетонерка, транспортни ленти, пумпи за вода) и мобилната механизација која работи на локацијата. Инсталацијата нема извори на јонизирачки зрачења.
Во периодите на експлоатација на постројката, можни се нарушувања на нејзината редовна работа поради дефекти. Опасноста од појава на акцидентни случаи и хаварии се постојано присутни, за која се свесни сите вработени во Инсталацијата. Поради тоа, вниманието е насочено кон преземање на превентивни мерки за спречување на можните опасности.

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | | |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| | | |

## Комуникација

Доколку сакате да комуницирате со Надлежниот орган во врска со оваа Дозвола, Ве молиме наведете го Бројот на Дозволата.За било каква комуникација, контактирајте го Град Скопје на адреса :**Бул.Илинден бб, 1000 Скопје , Република Македонија.**

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган.
Надлежниот орган ќе ги стави податоците во градскиот регистар, согласно одредбите на Законот за животна средина. Доколку операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, член.55 ст.2, точка 4. Операторот ќе ја наведе и причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во Дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

- Органот надлежен за издавање на Б интегрирана еколошка дозвола на секои 7( седум ) години ќе ги проверува условите утврдени во Дозволата и доколку е потребно истите ќе ги промени.
- Операторот поднесува барање за обнова на Дозволата до Надлежниот орган најдоцна една година пред истекот на временскиот период од 7 ( седум ) години.

## Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува Надлежниот орган. Со цел барањето да биде успешно, Операторот мора да му докаже на Надлежниот орган, согласно член 120 став 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање Бр. | Добиено | |
| Барање бр. 17-1645/1 | 01.07.2008 година | Барањето имаше недостатоци |
| Забелешки на доставената апликација бр.17-1645/2 | 16.08.2008 година | Изготвени се забелешките на Барањето |
| Ургенција бр.17-1645/3 | 26.09.2008 година | Доставена Ургенција |
| Известување 17-1645/4 | 05.11.2008 година | Доставено Известување |
| Доставување корегирани податоци бр.17-1645/5 | 27.11.2008 година | Доставени се корегирани податоци |
| Налог за плаќање надоместок бр.17-1645/6 | 01.12.2008 година | Доставена е пресметката и налог за плаќање надоместок при поднесување на Барањето |
| Записник за констатација бр.22-20/87 | 30.10.2009 година | Извршен увид во инсталација |
| Ургенција бр. 17-1645/7 | 02.11.2009 година | Доставена Ургенција |
| Забелешки на Барањето бр.17-1645/8 | 04.11.2009 година | Доставени се Забелешки |
| Ургенција бр.17-1645/8/1 | 19.04.2010 година | Доставена е Ургенција |
| Ургенција бр.17-1645/9 | 30.03.2011 година | Доставена е Ургенција |
| Одговор на Ургенција бр.1645/9 | 05.05.2011 година | Доставен одговор на Ургенција |
| Дополнување по Ургенција бр.1645/9 | 17.02.2012 година | Доставено е дополнување |
| Забелешки на доставеното дополнување бр.17-1645/11 | 13.03.2012 година | Доставени се Забелешки |
| Дополнување по Ургенција бр.1645/10 | 22.06.2012 година | Доставено е дополнување |
| Објава на Барањето | 29.06.2012 година | Објавено во “Нова Македонија” и на Веб-страната на Град Скопје |
| Достава на Барањето до Општина Кисела Вода бр.17- | 26.06.2012 година | Согласно законските обврски |
| Записник за констатација бр.22-20/129 | 07.09.2012 година | Извршен увид во инсталација |
| Подготвување Нацрт Дозвола за усогласување со оперативен план | 16.10.2012 година | Изготвена Нацрт Дозвола за усогласување со оперативен план |
| Објава на Нацрт Дозвола за усогласување со оперативен план | 26.10.2012 година | Објавена е Нацрт Дозволата во дневен печат “Нова Македонија” и на Веб-страната на Град Скопје |
| Одлука за отпочнување на постапка за преговарање бр.08-4826/1 | 16.11.2012 година | Донесена е Одлука за отпочнување на преговори |
| Покана за прв состанок за | 16.11.2012 година | Состанокот е одржан на |

| | | |
|---|---|---|
| преговори бр. 17-1645/13 | | 18.01.2013година |
| Доставување Записник бр.1 од одржаните преговори бр.1645/14 | 22.01.2013 година | Доставен е записник од одржаните преговори |
| Решение за издавање на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08-4826/2 | 18.12.2013 година | Донесено е Решение за издавање на Дозвола за усогласување со оперативен план |
| Дозвола Бр.08- | Одлучено | Позитивно |

# Б - Дозвола за усогласување со оперативен план

## Дозвола бр. 08-1645/13

Град Скопје во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина ( Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13 ), го овластува

**ДПГПУ "БЕРОВИЌ БЕТОН" ДОО увоз-извоз,** с.Батнци,Скопје**,**
Со регистрирано седиште на
**Адреса: Пат за с.Батинци бб,**
**Поштенски број, Град: 1000 Скопје**
**Држава: Република Македонија**

**Број на регистрација на компанијата: 5098971**

да раководи со Инсталацијата

**Цело име на инсталацијата: Друштво за производство, градежништво, промет и услуги Беровиќ Бетон ДОО увоз-извоз с. Батинци, Скопје**
**Адреса: Пат за с.Батинци бб**
**Општина: Кисела Вода**
**Поштенски број Град: 1000 Скопје**

Во рамките на дозволата и условите во неа.

**Градоначалник на Град Скопје**

**Коце Трајановски**

Датум

| |
|---|
| |

# 1 Услови

## 1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата

Операторот е овластен да изведува активности наведени во Табела 1.1.1 и/или поврзани со нив.

| Табела 1.1.1 | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од УРЕДБАТА за определување на активности на инсталации за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | Опис на наведената активност | Граници на наведената активност |
| Прилог 2, Точка 3. Индустрија на минерали Подточка 3.3. Стационирани бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50m$^3$ | Производство на готов бетон 40 m$^3$/h (320 m$^3$/den) | Активностите на инсталацијата ќе се одвиваат само во границите како што се прикажани во планот 1.1.2 и нема да го надмине проектираниот капацитет Y 41555213 X 21294926 |

1.1.2 Активностите во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана на планот Табела 1.1.2






| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| 17-1645/1 | Барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план |

1.1.3 Согласно член 140 од Законот за животна средина доколку Операторот не се придржува до утврдените мерки, рокови и услови согласно оперативниот план, определени се посебни пенали во Додаток 3 од оваа Дозвола.

1.1.4 Операторот е должен да го изврши уплата на годишниот надоместок за поседување на Дозвола за усогласување со оперативен план во рок од 15 дена од добивањето на Дозволата.

1.1.5 Се задолжува операторот да изврши уплата на годишен надоместок за поседување на Дозвола за усогласување со оперативен план, секоја наредна календарска година, во рок од 15 дена од примањето на налогот за плаќање на надоместок, издаден од надлежниот орган.

1.1.6 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина ( Службен весник на Република Македонија 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13 ) и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и подзаконски акти.

1.1.7 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.1.8 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.1.9 Операторот е должен да изработи План за вонредни состојби и во рок од 90 дена, по добивање на Интегрираната еколошка дозвола и истиот ќе го достави до Градот Скопје, согласно член 154 од Законот за животна средина.

1.1.10 Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија , Операторот најитно ќе изврши испитувања на почвата, подземните води и водите за евентуално загадување.

1.1.11 Операторот на видно место ќе постави план на кој што ќе бидат прикажани :

- начинот и операциите за складирање на отпадот,
- видот на отпадот со негово место на складирање,
- постапка за работа,
- постапки за итни случаеви,
- мерки за издвојување на отпадот,

- план за заштита од пожари,
- предвиден максимален капацитет за секое место од локацијата,и
- знаци за опасност на секое место на локацијата и соодветните карактеристики на складираниот отпад.

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата огласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирна онака како што е опишано во ИСКЗ барањето, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Инсталацијата за која се издава Дозволата ќе ја контролира обучен персонал кој ќе биде целосно запознаен со условите во Дозволата.

2.1.3 Операторот ќе назначи лице кое ќе биде одговорно за прашање од животната средина кое ќе биде соодветно обучено и ќе врши обука на останатиот персонал.

2.1.4 Назначеното лице кое ќе биде одговорно за прашањата од областа на заштита на животната средина е **Беровиќ Мирзет** - Раководител на бетонската база.

2.1.5 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој ја извршува работата за која се однесуваат некои од барањата во Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.6 Операторот ќе досатви копија од оваа Дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа дозвола.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8 Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавната свест и обука на вработениот персонал, за да се обезбеди можност на јавноста за добивање информации во врска со состојбата на животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветна придружната опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

## 2.2 Суровини, помошни материјали и енергенси ( вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини ( вклучувајќи и водата ) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1

| Табела 2.2.1 : Суровини,помошни материјали,енергенси ( вклучувајќи и вода ) | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е применo |
| Листа на суровини , помошни материјали и енергенси | Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-1645/1 | 01.07.2008 година |
| Песок и дробен камен | | |
| Сепариран агрегат | | |
| Цемент | | |
| Вода | | |
| Електрична енергија | | |
| Дизел гориво | | |
| Моторно масло | | |
| Хидраулично масло | | |
| Масло за кочници | | |
| Антифриз | | |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштето.

2.2.4 На целокупната амбалажа за чување на суровините ќе биде прецизно означена содржината и количината на истите.

2.2.5 Операторот во складиштето ќе има соодветен капацитет на опрема и/или соодветни апсорциски материјали за да го задржат и апсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби апсорцискиот материјал, истиот ќе се складира на соодветно место се до негово отстранување кое ќе се изврши во согласност со Надлежниот орган.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира Отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табелата 2.3.1

| Табела 2.3.1: Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е применo |
| Отпаден мил од таложници | Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 17-1645/1<br><br>Дополнување на Барање за добивањедозвола за усогласување со оперативен план бр.17-1645/9 | 01.07.2008 година<br><br>17.02.2012 година |
| Комунален отпад | | |
| Отпадно моторно масло | | |

| Табела 2.3.2: Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место за складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Комунален отпад | Во метални контејнери | Со селектирање | Го празни ЈП Комунална хигиена |
| Отпаден депозит | На самата локација | Со одложување | Откуп од надворешни фирми |
| Отпад настанат при сервисирање возен парк(отпадни моторни делови,гуми, масла, отпаден глицерин, антифриз и др.) | Нема | Нема | Надворешен сервис за возила |

2.3.2 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите.Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.3.3 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамкитите на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елеминиација на изворите на отпадоци.

2.3.4 Операторот со отпадот ќе постапува соодветно и на начин со кој ќе се избегне:
Загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
Загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;
Уништување на природни услови за живот на животните и на Растенијата;
Уништување на заштитените природни области и заштитено културно Наследство;

2.3.5 Операторот е должен да оневозможи неконтролирано оставање, фрлање, спалување и отстранување на отпадот.

2.3.6 Операторот е должен отпадот:

- Да го селектира;
- Да го класифицира според листата на отпад;
- Да ги утврди карактеристиките на отпадот;
- Да врши контрола на влјианието на отпадот врз животна средина;
- Да го складира на места предвидени за таа намена и животот и здравјето на луѓето;
- Да го преработува отпадот, а доколку неговата преработка технички и економски неисплатлива, да го предаде на правно или физичко лице кое има дозвола за собирање, транспорт, преработка, отстранување и/или извезување на

2.3.7 Преработката на отпадот ќе се врши без примена на процеси или Методи кои ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и одлага Отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1,

| Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е применo |
| Цврст и течен отпад | Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план Бр. 17-1645/1<br>Дополнување на Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план Бр.17-1645/9 | 01.07.2008 година<br><br>17.02.2012 година |

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.3 Отпадот кој се испраќа надвор од инсталацијата за рециклирање и одлагање ќе се транспортира само од страна на овластено лице на начин кој нема да има штетно влијание по животната средина во согласност со соодветните национални и европски законски регулативи и протоколи.

2.4.4 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција од страна на овлестени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да содржи минимум од следниве детали:

- Имиња на превземачот и транспортерите на отпад;
- Името на лицата кои се одговорни за крајното одлагање/рециклирање на отпадот;
- Крајна дестинација на отпадот;
- Писмена потврда од приемот и одлагањето/ рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата;
- Тонажи и МК Код за отпадните материи;

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата. Ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје XIII | Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план<br>Бр. 17-1645/1 | 01.07.2008 година |

2.5.2 Во случај на несреќа операторот веднаш треба да :

- Го изолира изворот на било какви емисии,
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа,
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот,
- Да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите,
- Го забележи датумот на несреќата.
- Го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти.

2.5.3 Операторот е должен за настанатата хварија веднаш да го извести надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од обласата на животната средина и да му ги достави податоците кои се однесуваат на :

- Околностите во кои се случила хаваријата,
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата,
- Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата,
- Превземените вонредни мерки.

2.5.4 Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот.

2.5.5 Информациите за мерките за безбедност, Операторот ќе ги анализира и проверува на секои 3 ( три ) години.

2.5.6 Информациите за мерките за безбедност ќе овозможи да бидат достапни до јавноста.

2.5.7 Операторот треба да достави предлог за одобрување до надлежниот орган во рок од еден месец од несреќата која се случила или на друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата и
- Идентификува и постави било какви други активности за санација.

## 2.6 **Мониторинг**

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1,

| Табела 2.6.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје XI | Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 17-1645/1 | 01.07.2008 година |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди :

а безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот, и

б безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ИСО Стандардите

2.6.4 Се задолжува ДПГПУ "БЕРОВИЌ БЕТОН" ДОО Скопје, редовно да доставува Извештај од извршените мерења од Мониторингот што може да го врши било која овластена лабораторија.Извештаите треба по службен пат редовно да се доставуваат до Град Скопје, Секторот за заштитна животната средина и природата.

2.6.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да бидат изменети во договор со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.7.1 Престанок со работа | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје XIV | Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план Бр. 17-1645/1 | 01.07.2008 година |

2.7.2 Операторот во рок од 24 месеци од издавањето на дозволата за усогласување со оперативен план треба да подготви детален план со финансиски импликации за престанок на работа на инсталацијата или нејзино затварање во целост.

2.7.3 Планот треба да содржи:

- Изјава за обемот на планот;
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој ќе обезбеди мнинимум влијание врз животната средина;
- Програма за постигнување на наведените критиериуми;
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени;

2.7.4 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.5 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животна средина.

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само еден оператор.

2.8.2 Оваа Дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2. од оваа Дозвола.

# 3 Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за :

- секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка ) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животна средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневникот воден за таа цел;
- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба :

- да бидат читливи
- да бидат направени што е можно побрзо
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.7 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација ( и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата ) за :

- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.
- Количината на отпадот ( изразена во тони ) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови на отпад
- Имиња на лице/фирма задолжено за транспорт на отпад. Како и детали околу добиената дозвола за собирање.
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзино соодветност да го прифати упатениот отпад.
- Писмена потврда за прифаќање и одлагање/преработка на опасен отпад кој е испратен надвор од локацијата.

- Количините и означување на типовите на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови на отпад ( Сл.Весник на РМ 100/05 ).
- Состав на отпадот или онаму каде што е можно, опис

3.1.8 Операторот на инсталацијата за која што се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиниот влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и краткото резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник за таа цел ќе го извести Надлежниот орган во рок од 24 часа.

3.1.9 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на Овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид :

- Дозволи поврзани со инсталацијата
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата.
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.2.0 Операторот ќе води записи за секој инцидент.Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да е управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

3.2.1 Операторот се задолжува да изготви внатрешен план за вонредни состојби, кој ќе ги содржи мерките што треба да се превземат внатре во системот во случај на хаварија во рок една година по добивање на Дозволата. Истиот ќе го достави до Надлежниот орган во рок од 15 дена од денот на донесување.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додаток 2:

а во однос на наведените емисиони точки

б за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

в давањето на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели ; и

г испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од 14 дена.

д сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување :

а когa ќe забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување ;

в кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

г било каква несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да п редизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо,за секое од следниве:

а перманентен престанок на работата на било кој дел или целата инсталација, за која се издава Дозволата;

б престанок на работата на некој дел или целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолг од 1 година; и

в повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за која што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 ( б )

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи

а било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистарската канцеларија;

б промена на податоците за холдинг компанија на операторот ( вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа ) ;

в за активности кои операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во атмосферата

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табелата 6.1.2 , ќе потекуваат само од извор(и) дадени во таа табела.

| **Табела 6.1.1 Емисии во атмосферата** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје VI | Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план<br>Бр. 17-1645/1 | 01.07.2008 година |

| **Табела 6.1.2 Граници на емисиите во атмосферата** | | |
|---|---|---|
| **Мерно место** | **Измерени вредности ( t/god)** | **ГВЕ(mg/m$^3$)** |
| Со експертска пресметка | 4,2 | 50 |

6.1.2 Операторот ќе врши редовно прскање со вода на складираната суровини (песок и дробен камен ) особено на агрегатот со фракција од 0 до 4 мм

6.1.3 Операторот ќе определи точки со координати каде ќе се врши редовен мониторинг на фугитивна емисија на прашина и ќе ги достави до надлежниот орган.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема емисии во почва. Барање за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 17-1856/1 од 21.07.2008 година, Прилог VIII.

6.2.2 Талогот настанат од чистење таложници, ќе биде одложуван во прописно изведени водонепропусни платоа или јами.

6.2.3 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почвата.

## 6.3 Емисии во вода ( различни од емисиите во канализација )

6.3.1 Емисиите во површинските води кои потекнуваат од технолошкиот процес прикажани се во документите наведени во во Табела бр.6.3.1 и 6.3.2

**Табела 6.3.1 Емисии во води**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
|---|---|---|
| Поглавје VII | Барање бр.17-1645/1<br><br>Дополнување на Барање бр.17-1645/10 | 01.07.2008 година<br><br>22.06.2012 година |

| **Табела 6.3.2: Емисии во површински води** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Дозволени концентрации** | **После третирање** | **Фрекфенција на мониторинг** |
| **Ph вредност** | **6,5-9,0** | 7,3 | Два пати годишно |
| **Температура $^{0}$C** | **/** | 30 | |
| **Суспендирани материи (mg/l)** | **35** | 34 | |
| **Нитрити $NO_2$ (mg/l )** | **1** | 0,24 | |
| **Нитрати $NO_3$ (mg/l)** | **2** | 19,9 | |
| **Хемиска потрошувачка на кислород (mg/l)** | **125** | 6 | |

6.3.2 Операторот ќе обезбеди Водно право, за користење бунарска вода и испуштање води во водни тела, согласно Законот за води ( Службен Весник на РМ бр.87/08, 6/09, 161/09 и 83/10 ), и ќе го достави до надлежниот орган. Истото ќе биде имплементирано во Б-интегрирана еколошка дозвола.

6.3.3 Согласно Законот за води ( Службен Весник на РМ бр.87/08, 6/09, 161/09 и 83/10), операторот ќе постави инструмент за мерење на количините на отпадни води кои се испуштаат во реципиентот од страна на предметната инсталација.

## 6.4 Емисии во канализација

Инсталацијата нема емисии во канализација. Отпадната вода од санитарните чворови се собира во септичка јама која се празни редовно од страна на овластено претпријатие, како што е наведено во Барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-1645/1 и во доставеното дополнување на Барањето бр.17-1645/10.

## 6.5 Емисии на топлина

Нема термално испуштање кое ќе влијае врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство ( Одлука за утврдување во кои случаеви се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава Службен весник на Република Македонија бр. 1 од 01.01.2009 година и Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места ( Службен весник на Република Македонија бр 12 од 23.09.2008 година), табела 6.6.1

| Табела 6.6.1: Емисии на Бучава дБ ( А ) | | | |
|---|---|---|---|
| | Преку ден | Преку ноќ | Се однесува на |
| Подрачје од IV степен | 70 | 60 | ДПГПУ "БЕРОВИЌ БЕТОН" ДОО Скопје |

6.6.2 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата еднаш годишно.

6.6.3 Емисиите на бучавата нема да ја надминат границата од 70/60 dB надвор од локацијата на инсталацијата согласно пропишаната граница на дозволена бучавост согласно Одлука за утврдување во кои случаи се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Службен весник на Република Македонија бр. 1 /09 )

6.6.4 Оценка на амбиенталната бучава-измерено ниво на бучавост Табела 6.6.4

| Табела 6.6.4 Емисии на Бучава (dBA) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Референтни Точки | Национален координатен систем | Нивоа на звучен притисок ( dB ) | | |
| | ( N, E ) | Ld (dBA) | Неактивна (dBA) | ГВЕ (dBA) Ден/ноќ |
| Граници на локацијата | | | | |
| Мерно место AN1 | N:41555338 E: 21294328 | 63,7 | / | 70/60 |
| Мерно место AN2 | N:41555436 E:21294590 | 61,5 | / | 70/60 |
| Мерно место AN3 | N:41555303 E:21294764 | 66,6 | / | 70/60 |
| Мерно место AN4 | N:41555420 E:21294965 | 63,6 | / | 70/60 |
| Мерно место AN5 | N:41555528 E:21295031 | 58,9 | / | 70/60 |
| Мерно место AN6 | N:41555598 E:21295273 | 55,5 | / | 70/60 |
| Мерно место AN7 | N:41555320 E:21295508 | 48,2 | / | 70/60 |
| Мерно место AN8 | N:41555189 E:21295309 | 48,5 | / | 70/60 |
| Мерно место AN9 | N:41554953 E:21294801 | 49,9 | / | 70/60 |
| Мерно место AN10 | N:41554985 E:21294579 | 58,6 | / | 70/60 |

# 7 Пренос од пречистителна станица за отпадни води

# 8 Оперативен план

8.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Табела 8.1.1 : Оперативен план | | |
|---|---|---|
| Ознака | Мерка | Датум на завршување |
| | **Активност бр.1**<br>**Реконструкција на постојните таложници за третман на отпадни води (зголемување на капацитетот)**<br>Предвидена дата за почеток на реализацијата е Јануари 2009 година<br><br>**Вредност на инвестицијата е 8.000 €** | Предвидена дата на завршување на оваа активност според Операторот е Април 2009 година (Завршено) |
| | **Активност бр.2**<br>**Изградба на нови таложници за отпадна вода од миење на мобилната механизација**<br>Предвидена дата за почеток на реализацијата е Јануари 2010 година<br><br>**Вредност на инвестицијата е 15.000€** | Предвидена дата на завршување на оваа активност според Операторот е Април 2010 година (Завршено) |
| | **Активност бр.3**<br>**Реконструкција на постојната канализациона мрежа**<br>Предвидена дата за почеток на реализацијата Јануари 2010 година<br><br>**Вредност на инвестицијата е 4.000 €** | Предвидена дата на завршување на оваа активност според Операторот е Април 2012 година (Завршено) |

# 9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството или како што е друго договорено написмено се користи со услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а Операторот ќе и даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола и

б Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена( вклучувајќи создавање отпад ) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1. и договорена писмено со надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува за тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

Материјална промена или зголемување на
Природата или количината на било која емисија
Системите за намалување/третман или преработка
Опсег на процесите што се изведуваат
Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или
Било каква промена:

Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание кои би имале влијание врз животната средина.
Ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

# Додаток 1

## 10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 ( известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласно со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### Дел А

☐ Име на операторот.
☐ Број на дозвола.
☐ Локација на инсталацијата.
☐ Датум на доставување на податоци.
☐ Време, датум и локација на емисијата.
☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :
☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### Дел Б

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта................................
☐ Потпис ☐ Датум
☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# 9 Додаток 2

## 9.1 Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 1.1.2 од оваа Дозвола, се наведени во Табела Д2

Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот

| Параметар | Точка на емисија | Период за давање извештаи | Почеток на периодот |
|---|---|---|---|
| Мониторинг на емисии во атмосфера( PM10) | Мерни места | Еднаш годишно | По добивање на Дозволата |
| Мониторинг на бучава | AN1; AN2; AN3; AN4; AN5; AN6; AN7; AN8; AN9; AN10; | Еднаш годишно | По добивање на Дозволата |
| Мониторинг на емисии во површински води | AW; | Два пати годишно Март/Април Август/Септември | По добивање на Дозволата |
| Евиденција на инциденти | На место на инцидентот | Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот | Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот |

# 10 Додаток 3

## 10.1 Пенали како мерка за исполнување на обврските од Дозволата

Со овој Додаток се утврдуваат пенали како мерка за исполнување на обврските до Дозволата за усогласување со оперативниот план на операторот на инсталацијата издадена од Градоначалникот на Град Скопје, и се определува висина на пеналите во случај на неисполнување на обврските од оперативниот план кој е составен дел од дозволата.

## 10.2 Определување на пенали

Операторот на инсталацијата е должен да ги исполни сите услови, мерки и временски рокови пропишани во Дозволата, како и мерките со временските рокови пропишани во оперативниот план кој е составен дел на Дозволата.
Надлежниот орган како мерка за реализација на оперативниот план определува пенали во висина од 120% од висината на трошоците за спроведување на една фаза од оперативниот план со средна вредност.
Една фаза од оперативниот план одговара на една календарска година.
Операторот ќе ги спроведува договорените мерки наведени во Дозволата за усогласување со оперативен план и е должен придржувајќи се на временските рамки писмено да го извести Надлежниот орган, во рок од 14 дена по извршување на секоја од пропишаните мерки.
Надлежниот орган е должен по завршувањето на секоја календарска година преку овластен инспектор за животна средина да изврши инспекциски надзор кој ќе утврди дали условите и мерките во дозволата се спроведени од страна на операторот на инсталацијата.
Доколку утврди неисполнување на обврските од страна на операторот на инсталацијата согласно оперативниот план, овластениот инспектор ќе донесе решение со што ќе го задолжи операторот да постапи согласно оперативниот план.

## 10.3 Присилна наплата

Надлежниот орган по конечноста на решението во управна постапка ќе спроведе постапка за извршување на пеналите согласно Законот за извршување и ќе спроведе присилна наплата во согласност со определената висина на пеналите.
Доколку не се исполнат и спроведат условите пропишани во Дозволата, ќе се изврши присилно извршување од сметката или имотот на операторот на инсталацијата, поради наплата на доспеана, а не наплатена обврска како и трошоците во постапката.
По спроведеното присилно извршување средствата од 20% добиени по овој основ се приход на Град Скопје, а средствата од 100% надлежниот орган ќе ги користи за набавка на средства кои се потребни за исполнување на мерките по оперативниот план на операторот и за други активности веќе предвидени во дозволата на операторот на инсталацијата.